# Агент за теренска наплата на долгови

**Credissimo** е динамична високотехнолошка компанија основана во 2007 година и е една од компаниите со најбрзиот развој на FinTech/Фин Тек субјекти во небанкарскиот финансиски сектор во Европа.

**Финансиско друштво КРЕДИСИМО ДООЕЛ Скопје**, како дел од групацијата на **Credissimo Group**, со своите иновативни решенија и автоматизирани процеси, одговара на потребите на клиентите во случај на потреба за краткорочно финансирање. Водени од желбата да бидеме максимално достапни, корисни и удобни за секој кој има потреба од користење на нашите услуги, ние сме една од првите компании во Република Северна Македонија кои овозможија целосно онлајн аплицирање за кредит, како и одобрување и исплата на средствата само за неколку минути.

Ние во **Credissimo**, го продолжуваме нашиот брз развој и бараме **Агент за теренска наплата на долгови** да се приклучи на нашиот млад и талентиран тим.

**Главните задачи и одговорности за оваа позиција се:**

- Да се договара за плаќање на заостанати побарувања со должниците на нивна адреса или по телефон, согласно внатрешни политики, процедури и стратегија на Друштвото, со цел да се избегне постапка за присилна наплата на долгот;
- Посетување и потврдување на валидност на адреси на должници, разговори со должниците, со цел да се најде заедничко решение за плаќање на долгот, надвор од постапка за присилна наплата, овозможување за продолжување на рокот за враќање и реструктуирање на долгот
- Да користи флексибилен и индивидуален пристап во комуникацијата;
- Да применува различни видови стратегии и методи за реализирање на целите со цел постигнување на повисоки резултати;
- Да ги ажурира добиените информации во специјализиран софтвер;
- Да подготвува извештаи и евиденција за преземените активности во врска со наплата на долгови;
- Да ги извршува своите должности во согласност со политиката на Друштвото и законските прописи;
- Да врши и други работни обврски по налог од работодавачот во согласност на работните обврски;

**Што ни е потребно за позицијата Агент за теренска наплата на долгови:**

- Завршено средно образование;
- Познавање и работа со компјутери;
- Искуство со MS Office ќе се смета за предност;
- Претходното искуство во наплата на достасани побарувања во кредитна/финансиска институција ќе се смета за предност;
- Возачка дозвола Б категорија (користење на сопствен автомобил при вршење на работата ќе се смета во предност).

**Она што друго го бараме во идниот кандидат** - организираност, способност за работа под притисок, вештини за убедување, фокус кон резултати, високо ниво на доверливост и лојалност.

**Она што го нудиме од Кредисимо:**

- Активни работни часови по сопствен избор;
- Атрактивен надомест за посочената позиција;
- Можност за дополнителни бонуси поврзани со реализираните цели;
- Проширување на тимот и можност за развој на кариерата;
- Можност да се биде дел од компанија која е објавена во Топ 10 на компаниите за алтернативно финансирање во Европа од European Fintech Awards.

Доколку се пронаоѓаш во оваа работна позиција и мислиш дека си вистинскиот кандидат, ние те охрабруваме да аплицираш за позицијата и да станеш потенцијален член од нашето големо Фин Тек семејство.

Твоето CV може да го испратиш на contacts@credissimo.mk

**Финансиско Друштво КРЕДИСИМО ДООЕЛ Скопје**